# LEGAL NORMS AND LEGAL ACTS IN THE POSITIVE LEGISLATION OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Zoran Jovanovski**
Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski", Skopje, N. Macedonia, zoranjovanovski43@gmail.com

**Abstract:** The Republic of North Macedonia is a rule of law. According to the Constitution, laws govern all primary relationships, prescribe legal norms for the conduct of individuals, their rights and obligations. The rights and obligations of legal entities have also been standardized. The rights and obligations of state institutions in the administrative and judicial spheres are regulated. In addition to the rights and obligations stipulated in the Constitution, the competences of the Assembly, the President of the Republic and the Constitutional Court are regulated by laws.
The legal order is an organized order of social relations governed by legal norms. As noted earlier, legal norms often make the content of laws.
There are several criteria for separation of legal acts, ie according to the legal norm in the act, the legal acts are divided into: General legal acts - contain general legal norms and appear in th form of a constitution, law and by-laws.
The separation of positive and negative concrete administrative acts into administrative theory is done by the criterion of whether or not any change in existing administrative-legal relations is produced by the administrative act.
**Keywords:** law, legal acts, legal norms, types of acts, administrative acts, constitution.

# ПРАВНИ НОРМИ И ПРАВНИ АКТИ ВО ПОЗИТИВНОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Јовановски**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје, Република Северна Македонија, zoranjovanovski43@gmail.com

**Апстракт:** Република Северна Македонија е правна држава. Во согласност со Уставот, со закони се регулирани сите правни односи, пропишани се правни норми за поведение на физички лица, нивните права и обврски. Исто така нормирани се правата и обврските на правните лица. Регулирани се правата и обврските на државните институции во управната и судската сфера. Покрај правата и обврските што ги предвидува Уставот, со закони се уредени надлежностите на Собранието, претседателот на Републиката и Уставниот суд.
Правниот поредок претставува организиран ред на општествени односи регулирани со правни норми. Како што истакнавме претходно, правните норми најчесто ја прават содржината на законите.
Постојат повеќе критериуми за поделба на правните акти,односно според тоа каква е правната норма во актот, правните акти се делат на: Општи правни акти - содржат општи правни норми и се јавуваат во форма на устав, закон и подзаконски општи правни акти.
Поделбата на позитивни и негативни конкретни административни акти во административната теорија е извршена тргнувајќи од критериумот дали со административниот акт се произведува или не се произведува каква и да било промена во постоечките административно-правни односи.
**Клучни зборови:** право,правни акти, правни норми, видови акти, управни акти, устав

## 1. ПОИМ ЗА ПРАВО

Правото е збир на правни норми донесени и санкционирани од страна на државата. Државата не само што ги создава правните норми туку и стои зад нивното остварување.

### 1.1. Поим за правна норма

**Правната норма** е пишано правило за поведение што го донесува државата и стои зад неговото остварување, односно го санкционира неговото прекршување. Правната норма настанува заедно со настанокот на државата. Таа како правило за поведение има општо задолжителен карактер. Таа е хетерономна и се однесува на сите луѓе во државата. Извршувањето на правната норма го обезбедува државата со примена на монополот на физичка принуда со кој располага таа. Кога државата ја создава

правната норма, истовремено ја предвидува и санкцијата што ќе се примени во случај на нејзино прекршување.
Примери за правна норма: родителското право престанува со полнолетство на детето, полнолетството се стекнува со наполнување 18 години, задолжително средно образование, секој што има имот е должен да плаќа данок, забрането е поминување на црвено,забрането е точење алкохол на малолетник.
Повеќето од нормите се дадени во законите и во правилниците. Ова е така бидејќи се многу важни и луѓето треба да ги знаат и да ги почитуваат. За нивната примена се грижи државата, која не само што ги донесува туку и мора да овозможи услови за да се почитуваат.

**1.2.Поим за правен поредок**

Правниот поредок претставува организиран ред на општествени односи регулирани со правни норми. Значи правен поредок е оној дел од општествениот поредок што е регулиран со правото. Имено, општеството како множество од општествени односи регулирани со општествени норми, во себе го опфаќа и правниот поредок. Тоа ни укажува на фактот дека правниот поредок е дел од општествениот поредок, кој пак, ги опфаќа сите општествени односи меѓу луѓето вклучувајќи ги и моралните, обичајните и личните. Правниот поредок не се совпаѓа со општествениот туку е само негов дел бидејќи ги опфаќа само општествените односи регулирани со правна норма.




**Примери** за правна норма:

- „Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште", (член 27 став 1 од Уставот на РМ)
- „Тој што во угостителски или друг дуќан или место каде што се точат и продаваат алкохолни пијалоци ќе послужи малолетник, ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до три години", (член 204 став 1 од Кривичниот законик на РМ)
- *Пример* на закон:

**Дел од законот за матичен број на граѓанинот**

Сл. весник на Р.С. Македонија бр. 36/92 од 08.06.1992 год.
Член 1 Матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: матичен број) претставува единствена ознака на идентификационите податоци на граѓанинот.
Член 2 Матичниот број се состои од тринаесет бројки распоредени во шест групи и тоа:
I група: ден на раѓањето (две бројки),
II група: месец на раѓањето (две бројки),
III група: година на раѓањето (три бројки),
IV група: број на регистарот (две бројки),
V група: комбинација на полот и на редниот број за лицата родени на ист датум (три бројки). Мажи од 000 до 499, жени од 500 до 999 и ВИ група: контролен број (еднаш бројка).
Член 3 Делот на матичниот број што го означува денот на раѓањето (И група), месецот на раѓањето (ИИ група), годината на раѓањето (ИИИ група) и полот (В група) се определува врз основа на податоците од матичната книга на родените. Контролниот број (ВИ група) се определува со електронски сметач. Ако податоците од став 1 на овој член се изменат во постапка предвидена со закон, новиот матичен број ќе се определи врз основа на решението со кое е извршена измена или исправка на податоците во матичната книга на родените.

Член 4 Во Република Македонија се утврдуваат девет регистрациски подрачја со следниве броеви на регистрите: Битола - за општините Битола, Ресен и Демир Хисар - 41; Куманово - за општините Куманово, Кратово и Крива Паланка - 42; Охрид - за општините Охрид, Дебар, Кичево и Струга - 43; Прилеп - за општините Прилеп, Крушево и Брод - 44; Скопје - 45; Струмица - за општините Струмица, Валандово и Радовиш - 46; Тетово – за општините Тетово и Гостивар - 47; Велес - за општините Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино - 48 и Штип за општините Штип, Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип и Свети Николе - 49.
Член 5 Министерството за внатрешни работи го определува матичниот број на граѓанинот..
Член 6 Матичниот број се определува според местото на запишување на новороденото дете во матичната книга на родените што се води на територијата на Република Македонија. На дете родено во странство матичниот број се определува според живеалиштето на родителите во Република Македонија.
Член 7 На странците, кои во согласност со законот престојуваат во Република Македонија и за кои врз основа на законот се водат евиденции и се издаваат јавни исправи, Министерството за внатрешни работи им определува матичен број за странци.
Член 8 Матичниот број не се менува при примени на живеалиштето на граѓанинот.
Член 9 Ако на граѓанинот му е определен погрешен матичен број или повеќе матични броеви, со решение се поништуваат и се определува нов, односно се задржува точниот матичен број. Решението за поништување на матичниот број се доставува до матичарот, кој ја води матичната книга на родените во која е запишано раѓањето на детето. Член 10
Матичниот број се запишува во јавните исправи и во евиденциите што се водат за граѓаните, кога тоа е определено со законот.
Член 11 Министерот за внатрешни работи ќе донесе под законски прописи за: - обрасците и начинот на водење на евиденцијата на единствениот матичен број; - начинот на определување на контролниот број (ВИ група) и - начинот на определување на матичниот број на странците за кои врз основа на закон се водат евиденции и се издаваат јавни исправи, за водењето евиденција за матичните броеви што им се дадени на странците, како и за запишување на издадените матични броеви настранците.
Член 12 На граѓанинот на кој не му е определен матичен број до влегувањето во сила на овој закон, ќе му се определи според живеалиштето во Република Македонија.
Член 13 За државјаните на Република Македонија што имаат живеалиште во Република Македонија на кои според досегашните прописи матичен број им е определен во републиките на поранешна СФРЈ, во рок од 2 години од влегувањето во сила на овој закон им се определува нов матичен број според одредбите на овој закон.
Член 14 Подзаконските прописи врз основа на овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на законот. До донесувањето на прописите од став 1 на овој член ќе се применуваат досегашните прописи.
Член 17 Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.[21]

**1.3.Елементи на правната норма**

Правната норма е составена од три елемента: Хипотеза,Диспозиција и Санкција.

**1.3.1.Хипотеза (претпоставка)**

Хипотеза е дел од правната норма во кој се предвидена услови и околностите што треба да се исполнат за да може да се примени диспозицијата или санкцијата на правната норма. Според тоа, хипотезата ги содржи услови за остварување на еднаш правна норма. Со оглед на нивниот карактер, хипотезите можат да бидат:
а) хипотеза на диспозиција
б) хипотеза на санкција
Примери за хипотеза (претпоставка) на диспозиција „Секој што има имот должен е да плати данок"
„Секој што има 18 години должен е да извади лична карта"
Во првиот случај, доколку некој нема имот нема да плаќа данок и во тој случај нема да се примени правната норма. Но, доколку има имот и не ја исполни својата обврска да плати данок, државата ќе го казни.
Во вториот случај ако немаш 18 години, немаш законска обврска да извадиш лична карта.

**1.3.2.Диспозиција**

Диспозицијата е оној дел од правната норма во кој е дадено самото правило за однесување. Таа е централниот и најважниот дел на правната норма за кој всушност постојат другите делови, т.е. хипотезата и санкцијата. Со диспозицијата може да се нареди одредено поведение, да се забрани или некој за нешто да се овласти.

[21] Основи на право,2013 год.

Според карактерот на поведението што се формулира со нив, диспозициите може да бидат наредувачки, забранувачки и овластувачки. Наредувачка диспозиција е онаа со која на субјектот му се наредува да стори нешто.

**Пример** :

„Секој е должен да ги почитува Уставот и законите”. (член 51 став 2 од Уставот на Р.М.) „Родителите се должни да ги воспитуваат и да ги издржуваат своите деца”. (член 8 став 2 од Закон за семејството).

**Забранувачка диспозиција** е онаа со која на субјектот му се забранува да стори нешто, на субјектот му се забранува одредено поведение

**Овластувачка е онаа диспозиција** со која субјектот се овластува на одредено поведение. На субјектите им даваат одредени овластувања со кои можат, но не мора да се служат. - Дали ќе го сторат тоа зависи од нивната оценка за конкретната ситуација.

**1.3.3 Постојат и други поделби на правните норми.**

Според опфатот на правната норма, правните норми се делат на општи и поединечни. **Општи правни норми** се оние норми што се упатени на неограничен број субјекти, т.е. оние правни норми што е должен да ги почитува секој субјект кога ќе се најде во услови утврдени во хипотезата на правната норма. Не се определени ни по име ни по случај.

**Поединечни правни** норми се оние норми што се упатени на точно определени субјекти, т.е. оние чија диспозиција се однесува на еден субјект или на точно определена група субјекти.

**1.3.4 .Санкција**

Санкцијата е делот од правната норма со кој се настојува да се обезбеди извршување на диспозицијата. Тој е дел од правната норма во кој се определени последиците (санкциите) што би настанале за субјектот поради повреда на правната норма. (Пример, казна затвор, парична казна, да се врати предмет, опомена итн). Санкцијата сама по себе претставува секундарна диспозиција бидејќи содржи правило за поведение што ќе се примени тогаш кога првостепената диспозиција нема да биде остварена.

## 2. ПОИМ ЗА ПРАВНИ АКТИ

Како што истакнавме претходно, правните норми најчесто ја прават содржината на законите. Законите, од друга страна, претставуваат дел од нормативниот дел на правниот поредок и спаѓаат во групата правни акти. Тоа значи дека ако имаме закон за здравствена заштита како правен акт, тогаш правните норми содржани во него ќе бидат од областа на здравствената заштита. Оттаму, правниот акт е средство за создавање и примена на правото. Без правен акт не може да постои правна норма бидејќи содржината на правната норма ја одредува самиот правен акт.

**2.1.Видови правни акти**

Постојат повеќе критериуми за поделба на правните акти:

а) Според тоа каква е правната норма во актот, правните акти се делат на:

Општи правни акти - содржат општи правни норми и се јавуваат во форма на устав, закон и под законски општи правни акти. Овие правни акти како општи се однесуваат на сите граѓани на еднаш држава и претставуваат основа за настанок на поединечните правни акти. Тие се формални извори на правото Поединечни (конкретни) правни акти - содржат поединечни правни норми. Тие не можат да се донесат ако не се засновани врз претходно донесен општ правен акт. Поединечните правни акти решаваат конкретна животна ситуација и секогаш се однесуваат на конкретно лице или група лица.

б) Според тоа кој субјект ги донесува правните акти, се делат на: Акти што ги донесуваат државните органи и најчесто се јавуваат во форма на устав, закон, пресуда и други. Акти што ги донесуваат општествените организации како што се статут и одлука. Акти што ги донесуваат приватните лица кои по својот облик најчесто се јавуваат како договор, тестамент и сл.

в) Според видот на општествениот однос што го регулираат, (економски, социјални, културни итн.).**3. Поим за административни акти(Управни акти)**

Во овој труд ќе се изложи само стандардната поделба на видовите на конкретните административни акти(управни акти). Видови конкретни административни акти: Позитивни и негативни, конститутивни и декларативни,врзани и дискрециони,единствени и збирни.

**2.2..Позитивни и негативни административни акти**

Поделбата на позитивни и негативни конкретни административни акти во административната теорија е извршена тргнувајќи од критериумот дали со административниот акт се произведува (предизвикува) или не се произведува каква и да било промена во постоечките административно-правни односи. Доколку настанува одредена промена на тие односи, тогаш се работи за позитивни административни акти. Во

спротивно, доколку со нив не се врши никаква промена - таквите акти го имаат атрибутот на негативни административни акти.

**2.2.1.Позитивни административни акти**

Позигивни административни акти се оние конкретни правни акти со кои се создава, менува или укинува одредена правна ситуација или однос. [22]

- *Пример 1*: Со решавањето за доделување на правото за детски додаток - се создава одредено право, доколку тоа исто решение се измени во смисла да се зголеми износот на детскиот додаток или, пак, да се намали тој износ, во тие ситуации станува збор за позитивен административен акт. И во случај решението за детски додаток подоцна да биде укинато - повторно се работи за позитивен административен акт, без оглед на тоа што во конкретната административноправна ситуација тој акт не произведува позитивни правни последици за странката.

Зборот „позитивен“ е употребен во смисла на акција (дејство) со која се предизвикува промена во постоечките односи без оглед на фактот дали со таа акција се создава, менува или укинува постоечка правна ситуација, односно правото. Според тоа, логичкото и јазичното значење на зборот „позитивен“ не е рашавачко при суштинското определување на позитивните административни акти, туку преземената позитивна акција во смисла на промената на односите, кои понекогаш за странката можат да бидат и со негативно дејство ( на пример, со решавањето е укинато правото за детски додаток), а, пак, се работи за позитивен административен акт во согласност со сфаќањата и толкувањата на административно-правната теорија.

**2.2.2.Негативните административни акти**

Негативни административни акти се такви акти на администрацијата со кои не се вршат никакви промени во постоечките административно-правни односи. Со нив, ниту се создаваат нови правни ситуации, ниту пак создадените правни ситуации или односи се менуваат или укинуваат. Со актот изрично или молчејќи (без да се донесе решение) си останува постоечката правна ситуација или однос. Негативните административни акти се донесуваат најчесто по барање на странката, а сосема ретко по службена должност од самиот орган. Со негативните административни акти, по правило, се одбива барањето на странката за каква и да било промена на правната ситуација во смисла да се создадат, изменат или укинат права или обврски.

*Пример 2:* Во практиката има чест случај со негативен акт да се одбие барањето на странката за признавање на некое право. На пример: да и се издаде некое одобрение, дозвола и слично, но има и случаи кога се бара одредена примени, на пример, да се зголеми висината на паричниот износ на детскиот додаток, пензијата, надоместот за степенот на инвалидноста - па доколку не се исполнети законските услови - органите ги одбиваат таквите промени.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на горенаведеното можеме да заклучиме дека правото е збир на правни норми донесени и санкционирани од страна на државата. Државата не само што ги создава правните норми туку и стои зад нивното остварување.

Постојат повеќе критериуми за поделба на правните акти ,според тоа каква е правната норма во актот, правните акти се делат на: општи правни акти - содржат општи правни норми и се јавуваат во форма на устав, закон и под законски општи правни акти.

Во овој семинарски труд беа истакнати и дел од примерите на различните видови акти во РСМ.

Според тоа кој субјект ги донесува правните акти, се делат на: Акти што ги донесуваат државните органи и најчесто се јавуваат во форма на устав, закон, пресуда и други. Акти што ги донесуваат општествените организации како што се статут и одлука. Акти што ги донесуваат приватните лица кои по својот облик најчесто се јавуваат како договор, тестамент и сл.

Во врска со поделба во управното право или административното право може да се согледаат и примери врз основа на поделбата на актите на позитивни и негативни во РСМ. Позитивни административни акти се оние конкретни правни акти со кои се создава, менува или укинува одредена правна ситуација или однос, односно негативни административни акти(управни) се такви акти на администрацијата со кои не се вршат никакви промени во постоечките административно-правни односи.Доколку настанува одредена промена на тие односи, тогаш се работи за позитивни административни акти. Во спротивно, доколку со нив не се врши никаква промена - таквите акти го имаат атрибутот на негативни административни акти.

[22] Административно право, Уредник на публикацијата: Проф. д-р Борче Давитковски, Правен факултет, Скопје

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Гелевски, С. (2019). Управен спор и Управно судство, Скопје

Давитковски, Б., & Павловска-Данева, А. (2018). Административно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Јовановски, З. (2020). Управно админстративно право, Воена академија, Скопје

Основи на правото,(е-учебник), Скопје

Основни правни поими и организација на власта во Република Северна Македонија

www.pravdiko.com

www.e-ucebnici.mon.gov.mk

www.wikipedia.org

www.pravo.org

www.findlaw.com

http://www.pf.uni-lj.si/

www.britanica.com